4.	Предлог-стратегија за соработка со НВО за периодот 2011-2015 година	**II-**ро тромесечие	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

III-то тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2011 година	**III-**то тромесечие - август	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
2.	Тримесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“ и ЈПССО „Парк спорт“	**III-**то тромесечие	Јавно претпријатие	Јавното претпријатие
4.	Годишни извештаи за воспитно-образовната работа во учебната 2010/2011 година на Општинските средни училишта и Ученичкиот дом	**III-**то тромесечие	Општинско средно училиште Ученички дом	Општинско средно училиште Ученички дом
5.	Годишни извештаи за воспитно-образовната работа во учебната 2010/2011 година на Општинските основни училишта	**III-**то тромесечие	Општинск основно училиште	Општинско основно училиште
6.	Годишни програми за работа на општинските средни училишта за 2011/2012 година	**III-**то тромесечие – најкасно до 30 септември	Општинско средно училиште	Општинско средно училиште
7.	Годишни програми за работа на општинските основни училишта за 2011/2012 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	Општинско основно училиште	Општинско основно училиште
8.	Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детската градинка за 2011/2012 година	**III-**то тромесечие Октомври	Детска градинка „Димче Мирчев“	Детска градинка „Димче Мирчев“
9.	Годишна програма за работа на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ за 2011/2012 година	**III-**то тромесечие најкасно до 15 септември	Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“	Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“
10.	Предлог-стратегија за развој на културата во Општина Велес за периодот 2011-2015 година	**III-**то тромесечие	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита,соработка со здруженија на граѓани

IV-то тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2011 година	**IV-**то тромесечие ноември	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
2.	Тримесечен Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ и ЈПСОО „Парк спорт“	**II -**во тромесечие	Јавно претпријатие	Јавното претпријатие
3.	Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2011 година	**III-**то тромесечие ноември	Комисија за општествени дејности	Комисија за општествени дејности
4.	Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2011 година	**III**-то тромесечие ноември	Комисија за општествени дејности	Комисија за општествени дејности
5.	Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2011 година	**IV**-то тромесечие ноември,	Комисија за општествени дејности	Комисија за доделување награда
6.	Извештај од реализираните активности (шест месечен) од областа на делегирани надлежности -спорт	**IV**-то тромесечие	Сојуз на спортови	Сојуз на спортови
7.	Нацрт - програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Сектор за урбанизам, комунални,работи, сообраќај и заштита на животната средина
8.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2012 година	**IV**-то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за економски развој и информатичка технологија
9.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
10.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
11.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации

12.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
13.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
14.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
15.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
16.	Нацрт - програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 20 октомври	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
17.	Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2012 година	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
18.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
19.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
20.	Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
21.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации

22.	Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за образование,култура, здравство,социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
23.	Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
24.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
25.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
26.	Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес со План за развојни програми во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Сектор за урбанизам,комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина
27.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој со План за развојни програми во 2012 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за економски развој и информатичка технологија
28.	Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2012 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина отната средина
29.	Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2011/2012 година	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунална инфраструктура
30.	Нацрт - Буџет на Општина Велес за 2012 година.	**IV-**то тромесечие Нацрт до 25-ти ноември	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
31.	Одлука за извршување на Буџетот на општина Велес за 2012 година	**IV-**то тромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

32.	Извештаи за работата на организационите одбори на Културните манифестации основани од Советот на Општина Велес за 2011 година	**IV**-то тромесечие	Организацион и одбори на културните манифестации	Организациони одбори на културните манифестации
33.	План за работа на ЈКП „Дервен„ во 2012 година	**IV**-то тромесечие	ЈКП „Дервен“	ЈКП „Дервен“
34.	Годишна програма за работата на ЈПССО „Парк спорт“ за 2012 година.	**IV**-то тромесечие	Јавното претпријатие	Јавното претпријатие
35.	Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2012 година.	**IV-**то тромесечие	Градоначалник	Одделение за комунална инфраструктура
36.	Програма за уредување и одржување на градско зеленило за 2012 година.	**IV**-то тромесечие	ЈКП„Дервен“	ЈКП„Дервен“
37.	Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2012 година.	**IV**-то тромесечие	Претседател	Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
38.	Годишни програми за работа на културните установи – Библиотека и Музеј	**IV-**то тромесечие	Установата	Установата
39.	Програма за работата на Фондацијата „Коле Недлковски“ Велес за 2012 година	**IV-**во тромесечие	Управниот одбор	Управниот одбор
40.	Буџет на Општина Велес за 2012 година.	**IV-**то тромесечие Буџет до 31-ви декември	Градоначалник	Одделениеза финансирање,Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тримесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Здружението на граѓани/физички лица на кои се делегирани надлежности од одредена област, согласно Одлуката за делегирање, се должни веднаш по изминувањето на рокот да ги достават своите извештаи за работа до Советот на Општина Велес.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани до две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи. Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6455/3
27.12.2010година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

283.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен" Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/4
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен" Велес

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен" Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-6455/4
27.12.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиевс.р.

284.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен" за 2011 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен„ за 2011 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/5
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2011 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Планот за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2011 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/5
27.12.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

285.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Се објавува Решението за разрешување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/9
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 13 од Законот за библиотеките („Сл.весник на РМ“ бр. 66/04 и 89/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

1.Весна Маневска, Елизабета Јамалова, Менсур Адилов, Јадранка Мајсторова и Гордана Весковска претставници на Општина Велес се разрешуваат од должноста членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/9
27.12.2010година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

286.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/10
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 13, став 2 од Законот за библиотеките („Сл.весник на РМ“ бр.66/04 и 89/08) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

1. За членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес се именуваат лицата:

-Весна Маневска
-Елизабета Јамалова
-Ибиш Амзовски
-Јадранка Мајсторова - Локална библиотека
-Весна Ќамилова- Локална библиотека

2. Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4(четири) години, од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/10
27.12.2010година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

287.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/11
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр. 103/08) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште„Блаже Конески“ Велес

1.За претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес се именуваат:

-Мариче Стојановска - проф.по одделенска настава
-Христина Кузмановска - проф.по одделенска настава

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/11
27.12.2010година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

288.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/12
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

289.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби„ 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби“ 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/6
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби“ 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби“ 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/6
27.12.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

290.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес„ 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/7
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/7
27.12.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

291.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби„ 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби“ 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/8
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби“ за 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби“ за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/8
27.12.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

292.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборат за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.12.2010 година.

Број 08-6472/13
28.12.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Елаборат за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Елаборатот за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6455/13
27.12.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

ЕЛАБОРАТ
за проценка на настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05.12.2010

I-земјоделски површини-
Општ дел:

Дел од територијата на општина Велес на 05.12.2010 год. беше зафатена од невреме проследено со обилни врнежи од дожд . Обилните врнежи од дожд придонесоа реката Вардар да се излие од своето корито и да поплави голем дел од земјоделските површини, а исто така и од становите кои што се во близина на речното корито,нанесувајки огромни штети како во становите така и на земјоделските површини носејќи се пред себе. Најпогодени се населбите Речани , Башино Село како и месноста викана Шорка и имотите покрај речното корито во самиот град.

Предмет на елаборатот :

Предмет на овој Елаборат е проценката на штетата настаната од големата поплава која го зафати Велес на 05.12.2010 извршена врз основа на 39 барања на граѓани. Барањата се од населбите кои ги зафати поплавата и тоа Речани Башино Село и Шорка. Во Елаборатот врз основа на поединечни проценки, за секоја парцела и земјоделска култура се искажани збирни резултати за проценетата штета на земјоделските култури. Во Елаборатот е наведена причината, големината и последиците од штетата како и мерки и активности што треба да се превземат за санирање т.е намалување на последиците од вакви природни непогоди.

Истиот е изработен согласно Единствената Методологија за проценка на штети од елементарни и други непогоди (сл.весник на Р.М. бр. 75/01).

Изготвувач на Елаборатот е Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи при општина Велес формирана со одлука на Советот на Општина Велес .

Проценката на штетата и висината на штетата комисијата ја изврши врз основа на поднесени барања од оштетени граѓани од општина Велес со непосредно излегување на терен и вршење на увид на секоја одделно пријавена површина.

Мора да напоменеме дека скоро 80% од површината беше се уште под вода додека комисијата беше на терен. Исто така после овој период температурата нагло се спушти и до -15степени со што целосно се уништени раноградинарските култури.

За проценката од страна на Комисијата беа користени приноси и цени земени од Државниот завод за статистика како и контакти со осигурителните компании, а за некои култури податоците се земени од Земјоделскиот факултет во Скопје.Така беа утврдени приносите по хектар на младиот кромид од 50 000 кг,по цена од 50 денари, на лукот 50 000 кг по цена од 50 денари, на морковот 60 000 кг по цена од 15 денари, на зелката 60 000 кг по цена од 15денари, марулата 25 000 кг по цена од 20 денари, цвекло 40 000 кг по цена од 40 денари, магдонос 25 000 кг по цена од 100 денари. Цените се за еден килограм.

ВИД, КАРАКТЕРИСТИКИ И ПРИЧИНИ ЗА ШТЕТИТЕ

Причина за настанатите штети е големата поплава. Уништени се насади од раноградинарски култури кои преку 90% беа под фолии кај кои нема значителна штета, штета во неколку парцели има на системот за наводнување каде што има изгорено неколку пумпи како и неколку моторчиња за наводнување, кампприколка и неколку мотокултиватори кои сопствениците не стасале навреме да ги извадат затоа што првиот бран на поплавата беше во утринските часови на 5.12. 2010 год.

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

До Комисијата за проценка и утврдување на штети се поднесени 39 барања за проценка со површина од 14 452 м2.

Оценета е вкупна штета во висина од 100% од насадите под ранограднинарски култури со вкупна вредност од 13.108.375,00 денари додека кај површините посадени со овошни култури не е извршена проценка поради фаза на мирување на овошните насади.

ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ И САНИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА

Бидејќи штетите од природната непогода се големи за нивно санирање Комисија за проценка на штети од елементарни непогоди ги предлага следните мерки до Владата на Р.М.

1. Да се обезбедат финансиски средства за санирање на штетите поединечно за секој оштетен граѓанин на Општина Велес;

Овој Елаборат се доставува на разгледување и усвојување до Советот на Општина Велес.

Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Велес се доставува до:

1.Влада на Р.М.

2.Министерство за финансии

3.Министерство за земоделство, шумарство и водостопанство

4.Републичка комисија за утврдување и проценка на штети од елементарни непогоди

5.Државен завод за статистика

II -градежни објекти-

Општ дел:

Општина Велес и територијата на Општина Велес на ден 05.12.2010 година ја зафати невреме проследено со обилни врнежи, од дожд . Обилните врнежи од дожд и снег,доведоа до излевање на реката Вардар во град Велес и околината и нанесоа големи штети на градежните објекти и нивите ,така да водата од реката Вардар навлегла во приземните простории,подрумите и гаражите од станбените и деловните објекти во град Велес(особено во месностите : Шорка,Речани и Дрењевица).

Предмет на елаборатот :

Предмет на Елаборатот е проценка на штета настаната од излевање на реката Вардар ,од пороен дожд(порој-поплава) на ден 05.12.2010 година,извршена врз основа на 20 барања од граѓаните за проценка на настаната штета од поплава-излевање на реката Вардар .

Во елаборатот врз основа на поединечни проценки за настаната штета за секој дел од поплавен градежен објект и опрема во објектот,пресметани се и прикажани се збирни резултати за проценетата штета од поплава .

Истотака во елаборатот е наведена причината,големината и последиците од настанатата штета на објектите и опрема ,и се е фотографирано и внесено во електронска форма.

Елаборатот е изработен врз основа на Единствената Методологија за проценка на штети од елементарни непогоди(Службен весник на РМ бр.75/01).

Проценката на штетата и висината на штетата,Комисијата ја изврши врз основа на поднесени барања(пријави)од оштетените граѓани од Општина Велес,со непосредно излегување на терен,со увид на лице место за секоја поодделно пријавена штета и се тоа е фотографирано.

При пресметката за настанатите штети,кои беа утврдени од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди при Општина Велес ,се користеа пазарните економски цени за поправка на градежните оштетени објекти и опремата,кои се користат на денот на составувањето на елаборатот.

ВИД, КАРАКТЕРИСТИКИ И ПРИЧИНИ ЗА ШТЕТИТЕ

Причината за настанатите штети на градежните објекти ,стоката и опремата (мебелот бела техника и опрема) е поплава на ден 05.12.2010година.

За време на поплавата,односно излевањето на р.Вардар во Велес и околината, навлезена е речната вода во објектите и предизвикана е штета на градежниот дел и на опремата која била во објектите за време на поплавата.

РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА

До Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди се поднесени вкупно 20 пријави(барања) од граѓаните за утврдување на штета од поплава-излевање на реката Вардар од своето корито.

Комисијата беше на увид на лице место по поднесени 20 пријави за оштета од поплава на градежните објекти и опремата.

Во прилог на Елаборатот Ви ги доставуваме поединечно потполнет образецот Ш-01 ,за секое барање каде што точно е утврдена штетата по одделни барања од граѓаните.

Значи пополнети се поединечно 18 обрасци Ш-01 образец(за градежна штета) и 8 образци Ш-03(штета на стока и живина),т.е за секое барање точно е утврдена причинетата штета поединечно.

Од проценетите вкупно заеднички 20 пријави од -поплава-(излевање на р.Вардар),во град Велес на ден 05.12.2010година,направена е штета на :

1.Градежни објекти со опрема(18)------- Вкупно =1.559.300,оо ден

2.Сточарство(живинарство) (8)------- Вкупно = 362.400 ,оо ден

Се ВКУПНО = 1.921.700,оо ден.

Овој Елаборат се доставува на разгледување и усвојување до Советот на Општина Велес.Усвоениот Елаборат од Советот на Општина Велес се доставува до:

1.Влада на Р.М.
2.Министерство за финансии
3.Министерство за земоделство, шумарство и водостопанство
4.Република комисија за утврдување и проценка на штети од елементарни непогоди
5.Државен завод за статистика

Комисија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Велес

293.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02),член 12, точка 2 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр. 66/04 и 89/08)

Градоначалникот на Општина Велес на ден 27.11.2010 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на вршител на должност директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Велес

1.Еленче Тевчева, вршител на должност директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ – Велес се разрешува, заклучно со 27.11.2010 година.

2. Се задолжува разрешениот вршител на должност директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поведе жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Второстепената комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Број 08-5822+/1
27.11.2010 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Горан Петров с.р

294.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02),член 12, точка 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр. 66/04 и 89/08), а во согласност со член 50, став 4 од Законот за установите(„Службен весник на РМ“ бр.32/05)

Градоначалникот на Општина Велес на ден 27.11.2010 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на вршител на должност директор на Локалната установа Биоблиотека „Гоце Делчев“ - Велес

1. За вршител на должност директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Велес се именува:

-Гордана Васковска дипл.економист

2. Вршителот на должност директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Велес.

3. Функцијата Вршител на должност директор ќе ја извршува почнувајќи од 27.11.2010 година се до изборот на директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Велес, но не подолго од 6 (шест) месеци.

4. Ова Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 08 -5823/1
27.11.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Горан Петров с.р.

Бр на акт **Страница**

280	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Буџет на Општина Велес за 2011 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Буџет на Општина Велес за 2011 година**	**751**
281	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година** **О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година**	**921**
282	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2011 година** **З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2011 година** **П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општина Велес во 2011 година**	**923**
283	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен“ Велес** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2011 година на ЈКП „Дервен“ Велес**	**932**
284	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ за 2011 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на План за работа на ЈКП „Дервен“ Велес за 2011 година**	**932**
285	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес**	**933**
286	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување членови на Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес**	**933**

Бр на акт **Страница**

287	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Блаже Конески“ Велес**	**934**
	Р Е Ш Е Н И Е за именување претставници на Општина Велес за членови на Училишниот одбор на Општинското основно училиште„Блаже Конески“ Велес	
288	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“ Велес**	**935**
289	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби„ 2010 година**	**935**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Интернационалниот фестивал на Античка драма „Стоби“ 2010 година	
290	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес„ 2010 година**	**935**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација VII-ми Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ 2010 година	
291	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби„ 2010 година**	**935**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за реализација на Културната манифестација „47-ми Рацинови средби“ за 2010 година	
292	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година**	**936**
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Елаборат за настанати штети од поплавите што ја зафатија Општина Велес на 05 декември 2010 година	
293	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на Локалната установа Библиотека „Гоце Делчев“ - Велес**	**939**
294	**Р Е Ш Е Н И Е за избор на вршител на должност директор на Локалната установа Биоблиотека „Гоце Делчев“ - Велес**	**940**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00